Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5,1000 Скопје| тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.02— 1257/1
26 -06- 2024
СКОПЈЕ

Во согласност со член 79 став 2 точка 2 и член 36 (1) од Законот за судски совет на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 102/2019 од 22 мај 2019 година), Судскиот совет на Република Северна Македонија, на својата седница одржана на 18.12.2020 година, го донесе следниот:

# УПАТСТВО
## за начинот на пресметување на ефективни работни часови
## (пречистен текст)

### Член 1
### Цел

Со ова Упатство се утврдува начинот на пресметување на ефективното работно време на судиите со цел да се пресмета потребниот број судии во земјата и по суд (приближна пресметка) и да се пресмета квантитативното работење (учинокот) на одреден судија во рамките на постапката за оценување (поединечна пресметка).

### Член 2
### Приближна пресметка

(1) Годишното работно време се заснова врз работните часови по ден и просечна пресметка на работните денови во годината.Конкретна календарска година не го менува бројот на работни денови.

(2) Секој работен ден се состои од работно време од седум часа и триесет минути.Паузите не се сметаат за работно време.

## Член 3
## Приближна пресметка – 200 работни часови годишно

Се смета дека секоја календарска година има 220 работни денови.Тука се земаат предвид саботите и неделите како неработни денови, државните празници за сите граѓани и годишниот одмор. За целите на пресметката на квантитативното работење како работни денови се сметаат 200 денови годишно. Се претпоставува дека 20 работни денови годишно се предвидени за празници за посебни етнички или верски групи, за учество на обуки и конгреси и придонесување за меѓународна соработка или научни активноста и обуки. Оваа претпоставка е фиктивна и им се овозможува на сите независно од реалната употреба и припадноста на судијата на одредена група.

## Член 4
## Поединечно работно време

(1) Кога се пресметуваат квантитативните критериуми за процена на работата на одреден судија, годишното работно време се пресметува врз основа на приближна пресметка. Тоа се намалува според поединечните околности (на пример, пола работно време, родителско отсуство) соодветно.

(2) Процената на квантитативните критериуми не ги зема предвид временските периоди во кои судството не функционира нормално. Го зема предвид намалувањето на времето во кое судијата не можел да работи со полно работно време поради оправдани лични околности, освен ако судијата ја исполнил или ја надминал нормата и се согласува тоа да биде земено предвид.

## Член 5
## Ппоединечно ефективно работно време

(1) Квантитативните критериуми за оценување на судиите се засноваат врз поединечното работно време на судијата, ориентациониот број на предмети и нивната сложеност (член85 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија ) кои судијата треба да ги реши, поединечните работни околности на судијата и другите задачи што судијата ги врши.

(2) За целите на оценувањето на квантитативните критериуми на бројот на решени предмети е зголемен, ако судијата работел на предмети со вонредно

висок обем на работа, кога дополнителниот обем на работа не се одразува преку просечната пресметка ориентациониот број на предмети.Тоа особено се применува ако

a) во времето на регистрирање на предметот во судот, бројот на учесници во постапката, вклучувајќи го обвинетиот, странките, сведоците и други е над 20 (се брои како три предмети) или над 40 (се брои како шест предмети), или ако

b) во времето на регистрирање на предметот во судот, поради објективни околности на предметот, се проценува дека потребниот број на денови за усна расправа ќе надмине 20 денови (се брои како три предмети) или 40 денови (се брои како шест предмети).

(3) Ориентациониот број за судиите што почнуваат или во оддел или во нова правна област, или повисок суд е 50% од обемот на работа во текот на првите шест месеци.

(4) Ориентациониот број за судиите што постапуваат по предмети на различни правни области во исто време е 95% од редовниот ориентационен број во секоја категорија во која работи во период од најмалку еден месец.Различни правни материи се оние материи каде правната основа е регулирана со посебен дел од правото или со посебен закон, што најчесто не се применува во друг домен (кривично право / организиран криминал / прекршоци /граѓанско /имотно / семејно / трудово / стечајно право / трговски предмети, управни тужби, даночно право/деловно право).

(5) За целите на евалуацијата, ориентациониот број на предмети за судиите се намалува доколку недостига поддршката што вообичаено им е достапна на судиите во слични судови во земјата, ако судијата редовно го заменува капацитетот што недостасува преку зголемување на сопствениот обем на работа,

   a) за 5%, ако персоналот за административна поддршка на судијата, особено за регистрирање на предметот, секретарска поддршка за организирање на расправата, записничар или дактилограф, е достапна помалку од 50 % се намалува за 10%, ако стручниот соработник што му помага на судијата при работењето на предметот, особено при изготвувањето на одлуката, е достапен помалку од 40% од редовниот капацитет и за 20% ако стручниот соработник на судијата е достапен помалку од 80% од редовниот капацитет,
   b) за 10%, ако информатичката технологија (компјутер, печатач, пристап со Службениот весник во електронска форма) не е достапна или воопшто не функционира.Тонското снимање не се смета за информатичка технологија.

Судскиот совет, во годишната одлука за ориентациониот број, го утврдува степенот на судовите и за кои шифри на предмети може да се очекува одреден капацитет за поддршка или каква информатичка технологија може да се очекува на редовна основа.

(6) Активностите во управувањето, администрацијата, науката, комисии за изготвување на предлог и предлог измени и дополнувања на закони, претставувањето, консултации и слични активности се сметаат како исполнета работа – независно од вистинското време поминато за вршење на овие активности – во износ од
80 % за претседателите на Врховниот суд, Апелационите судови,
40 % за судиите на Врховниот суд, за членовите на Судскиот буџетски совет, за претседателите на Виш управен суд ,Управен суд, Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје.
30 % за сите останати претседатели на судови,
20 % за судиите на апелационите судови и Вишиот управен суд и за сите судии вклучени во административни активности во нивниот суд.

(7) Учеството на судија во проекти на ЕУ предводени од судија како лидер на тим го намалува ориентациониот број за 10% во текот на времетраење на проектот;Во други проекти, анкети, обуки, конференции или интервјуа, се намалува за 1 % ако тоа трае подолго од 20 работни денови.

(8) За целите на оценувањето, ориентациониот број се намалува за 1 % во текот на оценувањата додека судијата учествува во анкетата за проценување на потребниот обем на работа.

(9) Намалувањата предвидени во овој член се собираат и може максимум да бидат до 100%.

**Член 6**

**Судови со помал број на предмети**

(1) Сите судии се оценуваат на праведна и еднаква основа и ги имаат истите можности да добијат највисока можна оценка.Тоа важи за квантитативното, како и за квалитативното оценување.

(2) Ако судијата добие помалку предмети од износот на ориентациониот број и поради тоа не може да ги исполни квантитативните критериуми, се смета дека судијата ги исполнил квантитативните критериуми (член 86 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ) до 100 %, доколку

судијата ги решил сите предмети во предвидените рокови и побарал од претседателот на судот во писмена форма да добие број на предмети што е еднаков на обем на работа од 100 %.Тоа барање треба да се достави во рок од три месеци по утврдувањето на намалениот обем на работа.Ако е префрлен обем на работа еднаков на 100 %, извршувањето на тој обем на работа треба да биде одлучувачко за оценувањето само на квантитативните критериуми.

(3) Ако судијата добие помалку предмети од 140 % од ориентациониот број и поради тоа не може да исполни повисоки квантитативни критериуми, се смета дека судијата целосно ги исполнил квантитативните критериуми (член 86 став (3) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија), ако судијата ги исполнил критериумите од став 2 и побарал во писмена форма од Судскиот совет да добие обем на работа еднаков на 140 % од решените предмети и изјавил волја да биде делумно или целосно префрлен на доброволна основа во друг оддел во период од најмалку една година. Тоа барање треба да се достави во рок од три месеци по утврдувањето на намалениот обем на работа. Ако е надминат обем на работа еднаков на 100 %, извршувањето на тој обем на работа треба да биде одлучувачко за оценувањето само на квантитативните критериуми. Овој став се однесува само за судовите каде обемот на работа со предмети е над 140 %.

**Член 7**
**Објавување**

Ова Упатство се објавува на веб страницата на Советот (член 79 точка 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија).

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**